СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Дванаесеттото продолжение на Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 февруари 1993 година

Скопје, февруари 1993 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД 12-тото ПРОДОЖЕНИЕ НА 53-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 18.II.1993 г.**

1. МАРКОВСКА ЃУЛИСТАНА - стр.3
2. ПОПОВСКИ НИКОЛА- стр.2

Дневен ред:1. Информација за организационата поставеност на средствата за јавно информирање во Република Македонија

седницата продолжува

## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од дванаесеттото продолжение на Педесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржано на 18 февруари 1993 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија сала I со почеток во 13,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, нека се утврди точниот број на пратеници и да можеме да продолжиме со работа.

Продолжуваме со работа на Педесет и третата седница на Собранието.

Пратениците Димитар Димитровски, Александар Гештаковски и Ристо Стаменов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на **74-та точка** од дневниот ред - Информација за организационата поставеност на средствата за јавно информирање во Република Македонија и состојбите во МРТ.

Информацијата и извештаите на Комисијата за финансираше и буџет и Комисијата за општествено - политички систем, ви се доставени односно поделени.

Група пратеници поднесоа Предлог - заклучоци кои ви се поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот Голубовски, но има процедурална интервенција господинот Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство.

Должен сум да ве информирам аз размислувањата на пратеничка- та група на Социјалдемократскиот сојуз по повод денешната расправа.

Како што знаете, за денешното продолжение, за денешното заседание на Собранието на Република Македонија бевме договорени да се одржи завршувањето на 55-та седница. Нашите пратеници вчера со телеграма се информирани во попладневните часови, претпоставувам дека сите пратеници во тој период се информирани дека едновремено ќе продолжиме со расправа и по последната точка од 53-та седница, а на дневен ред е точката за средствата за јавно информирање.

Поради следните аргументи, имајќи ги предвид и овие што по- рано ги изнесов, пратеничката група на СДС предлага продолжението на 53-та седница да не биде денеска и да се одложи за еден од наредните денови.

Прво, ги немаме довршено консултациите во пратеничката група по повод расправата за оваа точка на дневен ред, затоа што дури вчера бевме запознати дека денеска започнува расправата. Има предвид дека оваа расправа трае веќе месец дена и ние имавме подготвено наши заклучоци и ставови по оваа точка, меѓутоа, исто така има предвид дека во текот на последното заседание петдневно на 55-та седница на дневен ред на нашата пратеничка група и се поделени неколку нови заклучоци од пратеници или од пратенички групи по повод Информацијата за средствата за информирање кои се сериозни заклучоци, а кои ги немаме разгледано и не можеме по основ на тоа без консултација да настапиме како пратеничка

група. Од овие причини го молам Претседателството, претседателот и Парламентот да го уважи барањето на пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз и да се согласите оваа расправа да ја одложиме барем за еден ден или од понеделник, доколку е можно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, тоа секогаш сме го правеле, секое вакво барање сме го усвојувале и по ова прашање 53-та седница, бидејќи е последна точка, тогаш седницата се одлага.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Дали има можност да го прецизирате точниот датум на одржување на седницата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

И тој не го прецизира, само рече за два дена. Видете, штом одлагаме ќе ја презакажеме.

Седницата прекина со работа во 13,05 часот.